**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Уп. бр. 08- 10

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Позаваровалница САВА д.д. Љубљана, со седиште на Дунајска цеста бр. 56, 1 000 Љубљана, Словенија, доставено преку полномошник Јасмина Брезовска, адвокат од Адвокатско друштво Бона Фиде од Скопје на седницата одржана на ден 21.02.2019 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која Позаваровалница САВА д.д. Љубљана, со седиште на Дунајска цеста бр. 56, 1 000 Љубљана, Словенија ќе стекне контрола врз КБМ-ИНФОНД, дружба за управљање доо – Скупина Нове КМБ, со седиште на улица Вита Краигхерја бр. 5, 2 000 Марибор, Словенија нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 18.01.2019 година, а дополнета на 31.01.2019 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) прими известување за концентрација со која Позаваровалница САВА д.д. Љубљана, со седиште на Дунајска цеста бр. 56, 1 000

**Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Љубљана, Словенија има намера преку стекнување на удели да стекне контрола над КБМ-ИНФОНД, дружба за управљање доо – Скупина Нове КМБ, со седиште на улица Вита Краигхерја бр. 5, 2 000 Марибор, Словенија во смисла на член 12 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренција.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, прилозите кон истото и дополнувањето го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Позаваровалница САВА** д.д. Љубљана, со седиште на Дунајска цеста бр. 56, 1 000 Љубљана, Словенија (во понатамошниот текст само „САВА РЕ“) е словенска компанија чија главна дејност е реосигурување, животно и неживотно осигурување. Компанијата поседува низа компании во Словенија, Хрватска, Србија, Црна Гора, Косово и Македонија преку кои ја обавува својата дејност за реосигурување, животно и неживотно осигурување, но и дејност на организирање и управување со доброволни пензиски фондови, маркетинг на осигурување на живот и агенции за осигурување, услужни дејности (активности на call центри), истражување и анализа на пазарот и инспекција на возила.

Во Република Македонија посредно и непосредно САВА РЕ ги има следните поврзани друштва:

- АД САВА ОСИГУРУВАЊЕ Скопје, со седиште на ул. Загребска бр. 28А, 1 000 Скопје, со предмет на работење неживотно осигурување.

- Друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови САВА ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД Скопје со седиште на ул. Мајка Тереза бр. 1, 1 000 Скопје, со предмет на работење управување со фондови.

- Друштво за техничко испитување и анализа на моторни возила САВА СТЕЈШН ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. Загребска бр. 28А, 1 000 Скопје, со предмет на работење техничко испитување и анализа.

**КБМ-ИНФОНД**, дружба за управљање доо – Скупина Нове КМБ, со седиште на улица Вита Краигхерја бр. 5, 2 000 Марибор, Словенија е словенска компанија чија главна дејност е управување со инвестициски фондови.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата*

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

*вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Д-р Владимир Наумовски**